# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
# СПЕЛЕОЛОШКИ КЛУБ “ЗЛАТОВРВ” - ПРИЛЕП
# ВО 2011

декември 2011

**СОДРЖИНА:**

1. Регистрација на клубот.
2. Истражување и посета на пештери.
3. Обука и вежби.
4. Скицирање на пештери – обука и методологија.
5. Предавања.
6. Македонско спелеолошко списание | Macedonian Speleological Journal
7. Регистрирање на веб страна: speleo.mk за списанието и поддомен zlatovrv.speleo.mk за клубот.
8. Учество на активности во организација на други организации (собири, експедиции, конгреси, кампови и др.).
9. Преглед на активностите.
10. Преглед на посетени и/или истражувани пештери.

## 1. РЕГИСТРАЦИЈА НА КЛУБОТ

СК Златоврв - Прилеп е регистриран во Централен регистар на Република Македонија на 15.04.2011 (доставена пријава на 24.03.2011) со акт за основање од основачкото собрание на клубот од 28.02.2011.

Дотогашните спелеолошки активности се водени под ПСК Златоврв Прилеп. Со основањето на СК Златоврв – Прилеп, сите спелеолошки активности се пренесуваат на СК Златоврв – Прилеп, како продолжение и специјализација на активностите и традицијата на ПСК Златоврв – Прилеп.

## 2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕШТЕРИ

Претежно се работеше во примарното истражувачко подрачје на СК Златоврв: Мариово и Тиквешијата, дел во соработка со Спелеолошкиот клуб Орле од Кавадарци.

Активностите се состоеа во:

- Истражување на постоечките канали
- Скицирање на пештерите
- Собирање на примероци од седименти за анализа (состав, старост)
- Собирање на примероци од вода за анализа (хемиски состав, микробиологија, физички карактеристики)

Покрај тоа истражувања и посети се вршеа и во Порече (Пурало – откриени нови канали; Слатински Извор), како и Демир Хисар (извидница и посета на пештери).

Фотографии на дел од активностите:
Лековита Вода (Гарниково); Живовска Пропаст (Живово), Пештера Подот (термална пештера, Црна Река), Водна Пеш (Клиново)






## 3. ОБУКА И ВЕЖБИ

Континуирано вежбање и доусовршување на техниките на совладување на спелеолошки објекти. Се изведуваше во канцеларија (предавања) и терен (вежбалиште, пештери)





## 4. СКИЦИРАЊЕ НА ПЕШТЕРИ

Отпочната е обука на сите членови за детално скицирање на пештери. Притоа изработен е и прирачник со симболите за скицирање на пештерите според UIS и предавања наменски за обуката.

Обуката се состои во теоритски дел (предавања) и практичен дел (работа на терен, работа во канцеларија – сумирање на податоците, изготвување скица во аналогна и дигитална форма).




**5. ПРЕДАВАЊА**

Организирано е предавање за археологија во пештери од страна на археологот м-р. Василка Димитровска за потребите на членовите на клубот но и на секој заинтересиран.




**6. МАКЕДОНСКО СПЕЛЕОЛОШКО СПИСАНИЕ**

Идејата на Марјан Темовски за спелеолошко списание е конечно ставена во реализација: отпочната е процедурата за објавување на прво македонско спелеолошко списание “Македонско спелеолошко списание – Macedonian Speleological Journal”.

Списанието е во фаза на регистрација. Списанието обработува теми од карстот и пештерите и има научно-популарен карактер со сегмент за спелеолошки прилози (документирање на спелеолошки активности, истражувања, кратки прилози итн); сегмент за научни и стручни трудови (објавување на трудови за карстот и пештерите со научен или стручен карактер) за кој е формиран и научен одбор; и информативен сегмент каде се објавуваат информации и достигнувања на спелеологијата и карстологијата во светот, како и објавување рецензии на публикации и спелеолошка библиографија. Списанието ќе се објавува најмалку еднаш годишно, а во зависност од доставените материјали најмногу до 4 пати годишно.

Списанието ќе биде во електронска форма, а ќе подлежи на заштита на авторските права, согласно законот за авторско и сродно прави и законот за култура.



## 7. РЕГИСТРИРАЊЕ НА ВЕБ СТРАНА

Регистриран и закупен е интернет доменот: www.speleo.mk , на кој ќе се објавува Македонското спелеолошко списание, а за веб страна на клубот е регистриран поддоменот www.zlatovrv.speleo.mk .

## 8. УЧЕСТВО НА СОБИРИ, ЕКСПЕДИЦИИ, КОНГРЕСИ, КАМПОВИ

Членовите на СК Златоврв во 2011 година учествуваа во поголем број на активности организирани од други организации:

- Спелеолошки собир во Белица (во организација на СФМ)
  - учество во вежбовни активности за спасување
- Hypocave – семинар за хипогена спелеогенеза, Олштин, Полска (25-28.05.2011)
  - учество со предавање на тема: Прв пример на хипогена спелеогенеза во Македонија – Пештера Провалата
- 19та меѓународна карстолошка школа “Класичен Карст” - Динарски Карст (20-25.06.2011)
  - учество со постер презентација: Temovski, M., Audra, Ph. (2011): Cave Provalata: first example of hypogene cave in Macedonia.
- Балкански спелеолошки камп во Самоков (29.06 – 03.07.2011)
  - учество во организација, посета и истражување на пештери
- Меѓународна спелеолошка експедиција “Црна Гора 2011”
  - учество во спелеолошка експедиција во организација на словенечки спелеолози
- Курс за спасување во пештери – Бугарија
  - учество на курсот

Фотографии на дел од активностите:

Спелео собир Белица:




Hypocave семинар, Полска и Карстолошка школа, Постојна:





Курс за спасување, Бугарија:



Спелеолошка експедиција, Црна Гора 2011:



**24.12.2011**
**СК Златоврв Прилеп**

**Претседател**
Темовски Марјан

## 9. ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

| Р.б. | Датум | Активност | учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | 18/01 | Мелница извидница по падината на клисурата од р.Бутурица до Провалата (најдени украси на површина на спротивната страна, над патот) | Марјан Темовски<br>Марио Андоноски |
| 2 | 19-20/01 | Пропаст Долен Бијеш, с.Крапа и Овчарска Пештера, с.Слатина | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Марио Андоноски |
| 3 | 20/02 | Вежбалиште - Шаторов Камен | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Марио Андоноски<br>Александра Славкоска |
| 4 | 12/03 | Долина на р.Каменица, с.Гарниково (неуспешно барање на Темна Пештера и Зелен Извор) | Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Марио Андоноски<br>Мартин Дамески |
| 5 | 22/03 | Дреновска Клисура (Пештера Лилјарникот и остаток од пропаст) | Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски |
| 6 | 02-03/04 | Темна Пештера, Зелен Извор и р.Црквиште, притока на Каменица (посета на пештерата и изворот и извидница по долината на р.Црквиште) | Марјан Темовски<br>Марио Андоноски |
| 7 | 09/04 | Вежбалиште - Шаторов Камен | Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски<br>Александра Славкоска |
| 8 | 09-10/04 | Спелеолошки собир, с.Горна Белица (вежба на техники за спасување во пештери), со СФМ, СК Пеони, СК Урсус, СНК Врело | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски |
| 9 | 17/04 | Вежбалиште - Шаторов Камен (жичара) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Александра Славкоска<br>Дарио Ѓорѓиоски<br>Христи Тасески |
| 10 | 22-25/04 | Долина на Црна Река, под с.Врпско (извидница локалитет Дупките, Волчја Јама, лоцирање на Гуѓаковски извори) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски |
| | 14/05 | Пештера Рамниште (посета на ученици од СОУ Јосип Броз-Тито од Битола) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Неданоски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Виктор Костадиноски |
| 11 | 24-29/05 | Hypocave семинар, Олшин, Полска (Презентација за Провалата, прв пример на хипогена пештера во Македонија) | Марјан Темовски |
| | 05/06 | Извидница во Демир Хисар | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Неданоски |
| 12 | 20-25/06 | 19та меѓународна карстолошка школа “Класичен Карст” – Динарски карст (постер за Провалата, прв пример на хипогена пештера во Македонија) | Марјан Темовски |
| 13 | 29/06-03/07 | 5ти Балкански спелеолошки камп, с.Самоков (учество во организација, посета на пештери, откриени 280м нови канали во Пурало) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски<br>Александра Славкоска |
| 14 | 07/07 | Вежбалиште - Шаторов Камен | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски<br>Александра Славкоска |
| 15 | 09-10/07 | Живовска Пропаст | Марјан Темовски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски |
| 16 | 12/07 | Пештера Подот, Црна Река, с.Врпско (првично истражување – новорегистрирана пештера) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Благоја Велкоски |
| 17 | 17/07 | Кавадаречко Мариово – с.Мајдан, с.Рожден, с.Арничко (извидница на теренот) | Златко Ангелески<br>Марјан Темовски<br>Сашо Антониев |
| 18 | 27/07 | Пештера Лековита Вода, с.Праведник | Марјан Темовски<br>Никола Минчоров (СК Орле)<br>Блажо Бинов (СК Орле) |
| 19 | 01-07/08 | Спелеолошка експедиција “Црквице”, Црна Гора | Златко Ангелески<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски |
| 20 | 07/08 | Пештера Маркова Црква, с.Драдња | Марјан Темовски<br>Сашо Антониев |
| 21 | 17-18/08 | Пештера Провалата – Пештера Подот (собирање примероци од седименти и вода) | Марјан Темовски<br>Златко Ангелески<br>Марио Андоноски<br>Мартин Дамески |
| 22 | 18-27/09 | Курс за спасување во пештери, Дријаново, Бугарија | Дарко Неданоски |
| 23 | 30/09-02/10 | Пештера Водна Пеш, с.Клиново (истражување, скицирање) | Марјан Темовски<br>Златко Ангелески<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски |
| 24 | 30/10 | Вежбалиште – Шаторов Камен | Златко Ангелески |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски<br>Марио Андоноски<br>Александра Славкоска |
| 25 | 05/11 | Мелничка Пештера I (археолошко рекогнисцирање со м-р Василка Димитровска) и собирање примерок од извор крај р.Бутурица, под Провалата | Марјан Темовски<br>Златко Ангелески<br>Василка Димитровска |
| 26 | 24/11 | Пештера Провалата (собирање примероци од седимент, за анализа на старост) и собирање примерок од изворот под Провалата | Марјан Темовски<br>Дарко Неданоски |
| 27 | 04/12 | Посета на пештери, с.Слатина (Слатински Извор, Горна Слатинска) | Марјан Темовски<br>Златко Ангелески<br>Марија Неделкоска |
| 28 | 11/12 | Долина на р.Каменица, с.Бегниште (Пештера Будимирица, помали пештери во околината) | Марјан Темовски<br>Дарко Јованоски<br>Дарко Неданоски |

## 10. ПОСЕТЕНИ И/ИЛИ ИСТРАЖУВАНИ ПЕШТЕРИ

| р.б. | пештера | локација | активност |
|---|---|---|---|
| 1 | Долен Бијеш | с.Крапа | посета |
| 2 | Лилјарникот | Дреновска Клисура | лоцирање и посета |
| 3 | Темна Пештера | с.Драгожел | лоцирање, посета |
| 4 | Зелен Извор | с.Драгожел | лоцирање, посета |
| 5 | Неименувана пештера | р.Црквиште (кај Арамиска Пештера) | забележена, не е посетена |
| 6 | Дупките 1 и 2 | Црна Река, с.Врпско | лоцирани, истражени, скицирани |
| 7 | Рамниште | с.Крстец | посета со ученици од Битола |
| 8 | Момичек | с.Горна Белица | посетена |
| 9 | Девина Пештера | с.Девич | посетена |
| 10 | Пешна | с.Девич | посетена |
| 11 | Овчарска Пештера | с.Слатина | посетена |
| 12 | Пурало | с.Слатина | истражувана (280м нови канали) |
| 13 | Живовска Пропаст | с.Живово | посетена (десен канал) |
| 14 | Пештера Подот | Црна Река, с.Врпско | лоцирање, прво регистрирање, првично истражување, скицирање;<br>собирање примерок од вода, за анализа |
| 15 | Лековита Вода | с.Праведник | лоцирање, првично истражување, скицирање |
| 16 | Маркова Црква | с.Драдња | лоцирање, првично истражување, скицирање |
| 17 | Пештера Провалата | с.Мелница | собирање примероци за анализа на старост на пештерата и утврдување на постанок |
| 18 | Водна Пеш | с.Клиново | истражување, скицирање, собрана керамика (однесена во музеј) |
| 19 | Мелничка Пештера I | с.Мелница | археолошко рекогнисцирање, собрана керамика (однесена во музеј) |
| 20 | Слатински Извор | с.Слатина | посета |
| 21 | Горна Слатинска | с.Слатина | посета |
| 22 | Будимирица | с.Бегниште | лоцирање, првично истражување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | Неименувана пештера | карши Будимирица | лоцирање, првично истражување |
| 24 | Неименувана пештера | во близина на Будимирица | лоцирање, првично истражување, скицирање |
| 25 | Неименувана пештера | во близина на Будимирица (под претходната) | лоцирање, првично истражување, скицирање |
| 26 | Пештерица | Прилепско Езеро | скицирање (обука) |
| 27 | Jeskyne na Turoldu | Микулов, Чешка | посета (туристички дел) |
| 28 | Jaskinia Zamkowa Dolna | Олштин, Честохова, Полска | посета |
| 29 | Jaskinia Berkowa | Полска | посета |
| 30 | Studnia Szpatowców | Полска | посета |
| 31 | Smocza Jama | Краков, Полска | посета (туристички дел) |
| 32 | Jaskinia Ciemna | Ојцовски Национален Парк, Полска | посета |
| 33 | Zbrašovske Aragonitne jeskine | Чешка | посета (туристички дел) |
| 34 | Postojnska Jama | Постојна, Словенија | посета |
| 35 | Križna Jama | Лошко Поље, Словенија | посета |
| 36 | Polina Peč | Матарско Подоље, Словенија | посета |
| 37 | Škocjanske Jame | Дивача, Словенија | посета |
| 38 | Милошева Јама | Црна Гора | истражување |
| 39 | Мојова Јама | Црна Гора | истражување |
| 40 | Јама са језером | Црна Гора | истражување |
| 41 | Јама 1 у Ваганов дол | Црна Гора | истражување |
| 42 | Јама 2 у Ваганов дол | Црна Гора | истражување |
| 43 | Стојанов дол 1 | Црна Гора | истражување |
| 44 | Јама Подосијек | Црна Гора | истражување |
| 45 | Хоризонтална 1 | Црна Гора | истражување |
| 46 | Хоризонтална 2 | Црна Гора | истражување |
| 47 | Мијаловичева Јама | Херцеговина | истражување |